Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

**Број:** 04-110/7
**Датум** 16.01.**2024 година**

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Државниот секретар на Министерството за транспорт и врски донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по Интерен оглас 03/2023 за унапредување на административни службеници во Министерството за транспорт и врски**

1. Кандидатот **Дарко Блажевски**, по пат на интерен оглас број 03/2023 се избира за работно место **УПР 01 01 Б04 000 Раководител на одделение за ИПА планирање и подготовка на тендерска документација во Одделение за ИПА планирање и подготовка на тендерска документација во Сектор за Инструментот за претпристапна помош од ЕУ (ИПА)** – 1 извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 03/2023 со број 04-110/4 од 15.01.2024 година

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на добиено Известување број 18-3399/2 од 17.03.2023 година, број 18-3399/4 од 23.05.2023 година и бр.18-13356/2 и 18-13357/2 од 06.12.2023 година од Министерството за финансии, Државниот секретар упати Барање со број 04-6008/1 од 19.12.2023 одина за отпочнување на постапка за унапредување на 2 (два) административни службеници во Министерството за транспорт и врски. На ден 21.12.2023 година на веб страната на Министерството за транспорт и врски и на веб страната на Агенцијата за администрација беше објавен Интерен оглас број 03/2023 за унапредување на 2 (два) административни службеници во Министерството за транспорт и врски.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Државниот секретар со Решение со број 04-110/1 од 09.01.2024 година, направи административна селекција на


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

пријавените кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за транспорт и врски за што состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 03/2023 за унапредување на административните службеници со број 04-110/2 од 11.01.2024 година.

Согласно Записникот од спроведување на интервју за унапредување на административен службеник на работно место од категорија Б со број 04-110/3 од 15.01.2024 година, Комисијата изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 03/2023 со број 04-110/4 од 15.01.2024 година .

Врз основа на ранг листа, Државниот секретар во Министерството за транспорт и врски донесе Одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за унапредување за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**МИТКО ТРАЈЧУЛЕСКИ**

Доставено до:
- Именуваниот;
- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Архива.

Изработил: Билјана Мојсовска Милеска
Проверил: Анита Војновска Наумовска


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk